# ВОВЕДНО ИЗЛАГАЊЕ И ПОЗДРАВНИ ПОРАКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ



1. АЛЕКСАНДАР ИЧОЌАЕВ **Координатор на ИГФ МКД**

Поздравно обраќање и презентација на "Декларацијата на ИГФ МКД" и тн. "повеќечинителски" пристап во "управување" со интернет.



2. ХИЛДА КОЛЕВСКА **Министерство за надворешни работи**

„Министерство за надворешни работи е институционален партнер на Форумот, а драго ми е што денес и просторно сме домаќини на настанот.

Дигитализацијата, како четврта индустриска револуција, е на врвот на сите агенди на светско, европско и регионално ниво. Не станува збор за право на избор, туку за потреба во сите сфери на живеење, ако сакаш да опстанеш, да бидеш присутен, конкурентен, виден и чуен, мора да се следи и овој тренд.

Технологијата е клучна за остварување на целите на одржлив развој, образование, здравство, животна средина. Од нас зависи колку ќе ги искористиме можностите што ги нуди дигиталната трансформација."



3. ЕЛЕНА МАНЧЕВА **Министерство за информатичко општество и администрација**

„Во секоја од претходните револуции, како и во војните, моќта ја имал оној кој имал повеќе информации. Сега, благодарение на Интернетот, информации имаме на претек. Како ќе ги селектираме, со која брзина, како ќе ги искористиме, такви резултати ќе добиеме, односно така ќе ја завршиме битката - како победници или губитници. Прашањето е: како ние од оваа битка да излеземе победници?

Технологијата треба да ја искористиме во вистинска насока, бидејќи сите ние сме одговорни за нејзината еволуција."



4. CHENGETAI MASANNGO

**IGF Programme and Technology Manager at UN Secretariat**

„Искрени честитки за првиот IGF состанок во Македонија, особено за истакнувањето на главната цел на ИГФ, односно дискутирањето на политиките на развојот кога интернетот со сите чинители е отворен, инклузивен и транспарентен процес.

Повеќе од 95 земји го имаат својот национален ИГФ, а воспоставувањето на македонската иницијатива е одличен пример за приклучување на сите релевантни национални засегнати страни. ИГФ Македонија ја има мојата целосна поддршка за програмата и покана да учествува на 12-тиот Глобален форум во Женева за да ја обликува дигиталната иднина."

5. SANDRA HOFERICHTER

S**ecretary General of EuroDIG**

„Добредојдовте во оваа заедница на ентузијасти кои силно веруваат дека можеме заедно да го дефинираме и обликуваме интернетот кон заедничките европски вредности. EuroDIG е место за иницирање на дискусиите, но не и за нивно завршување. Вашата порака ќе се слушне на регионално и меѓународно ниво, особено оние што се однесуваат на безбедноста на интернет. Исто така, вие сте добредојдени да ги дадете вашите препораки за следните години на EuroDIG во Тбилиси."

6. SORINA TELEANU

**Executive committee Chair of SEEDIG**

„Почестена што сум дел од дел од настанот, дури и оддалеку. ИГФ Македонија објави дека е формиран пред шест месеци на третата седница на SEEDIG во Охрид, а сега е реалност. Пофалби за изборот на темите во програмата, релевантни не само на национално ниво. Имате покана за учество наредната година на SEEDIG состанокот во Љубљана, каде што ќе разговараме за различните нивоа на соработка и ќе помогнеме во креирањето на идните политики. Во очекување на заклучоците од македонскиот ИГФ."

# ПОРАКИ ОД ПАНЕЛИСТИ



### 1. Сања Симонова - МАРнет

**Интернетот учи кирилица**

„МАРнет успешно го помина процесот на стекнување на уште еден национален домен. Покрај менаџирањето на .mk доменот во интернационалниот сајбер простор, во 2014 година е воведен кириличниот .мкд домен. Со ова, секое физичко и правно лице има уникатна можност да регистрира име на интернет страница на кирилица, користејќи ги сите букви од македонската азбука.

пишувај-кирилица.мкд

Кириличниот домен претставува многу важен национален ресурс кој ги реперезнтира нашиот јазик, нашето писмо, територијата на Република Македонија и преку неговата употреба ние ги негуваме нашите идентитетски обележја. Да го збогатиме интернет просторот со македонскиот јазик и писмо."



### 2. Боро Јакимовски – ФИНКИ

**Дигитални идентитети**

„Дигиталните идентитети се една од најважните улоги во општеството управувано од интернет. Нивната потреба и корист може да се види од заложбите на ЕУ кон нивното формирање. За да се претстави една успешна приказна може да се погледне позитивното искуство на академскиот дигитален идентитет федерација - eduGAIN."



### 3. Чарлс Гарет – Британска Амбасада, Скопје

**Дигитална дипломатија**

„Постојат пет главни аспекти во врска со влијанието на интернетот и социјалните медиуми: Министерството за надворешни работи на Велика Британија беше прва земја во светот која одлучи да го користи методот за развивање дипломатија преку социјалните медиуми. Технолошкиот напредок влијае на дипломатијата и ширењето на информациите, толку многу што социјалните медиуми станаа составен дел на дипломатијата. Читаме вести во реално време, но ако се вклучите во комуникацијата, тогаш добивате повеќе повратни информации што се корисни. Користењето на Твитер, блог, хаштагови, не само што ги подобрува дипломатско-конзуларните активности, туку и го подобрува моето знаење за изучување на македонскиот јазик. И на крај, како последна точка, сакам да истакнам дека постои негативна страна на социјалните медиуми, што доведува до многу досетки во негативна смисла и градење на виртуелна слика на дипломат; инстант пораките и твитањето прави да сакаме да одговориме веднаш што целосно го менува приватниот и професионалниот живот на една личност."



### 4. Бардил Јашари – Метаморфозис

**Дигитализација на државните сервиси**

„Во Македонија, досегашните иницијативи за организирање локален ИГФ биле изолирани и затворени, освен досегашните успешни иницијативи како проектот за интернет-слобода во Источна Европа и во Евроазија, поддржан од Американската адвокатска комора (АБА РОЛИ) каде што учествува „Метаморфозис" или конференцијата „Е-општество", каде што се презентираат и дискутираат теми кои се релевантни за ИГФ, но пред сè за развојот на интернетот во Македонија. Основните принципи на организирање форум од ваков тип подразбираат отвореност, инклузивност и учество на сите што може да придонесуваат за овие важни прашања. Важно е дека тие треба целисходно да ги застапуваат интересите на сите засегнати страни, а кои се однесуваат на прашања поврзани со управувањето, одржливоста, безбедноста, стабилноста и развојот на интернетот во Македонија и затоа е за поздравување воспоставувањето на ваква иницијатива."



### 5. Александар Ацев - АЕК

**Национален центар за одговор на компјутерски инциденти МКD-CIRT**

„Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти МКD-CIRT е официјална национална точка за контакт и координација во справувањето со безбедносните инциденти кај мрежите и информациските системи кој идентификува и обезбедува одговор на безбедносни инциденти и ризици. MKD-CIRT отпочна со работење во 2016 година и врши клучна улога при координација на справувањето со инциденти кај засегнатите субјекти на национално ниво. Важна услуга на MKD-CIRT наменета за владиниот, јавниот и приватниот сектор е информирање и откривање на детали за тековните закани и чекори кои можат да се преземат за заштита од овие закани."



### 6. Татјана Тарапанџиева - Македонски Телеком

**Методи за сајбербезбедност**

„Ако Интернетот е сајбер простор, кои се заканите кои таму постојат? Дали тие се реални? Телеком Македонија се грижи за методите за проверка на сајбер безбедност. ИКТ е дел од сајбер просторот во кои се случуваат закани како кон цели индустрии така и кон личен интегритет и одземање на идентитет. Дали интернетот е регулиран? Дали регулативата го прати во чекор технолошкиот развој за кој сведочиме? Национална стратегија за регулирање на сајбер безбедноста е од суштинско значење за да го постигнеме нивото на безбедност кон кое се стремиме. Потребно е проценка на сајбер безбедноста, преку развиени методи во компаниите и институциите."



### 7. Ели Муфисовски - РЕАКТ

**Повреда на интелектуалната сопственост на интернет е глобален проблем**

„Борбата со фалсификатите е тешка кога законите се користат креативно. Мора да имаме сериозен пристап кон ова прашање, посебно преку интернационална соработка. Треба да работиме на изнаоѓање начини за спречување на овој вид на криминал.

React е пример за непрофитабилна организација која работи за заштита на интелектуална сопственост на нејзините членови. Мисијата на организацијата е отстранување на повредувачки огласи од аукциски интернет страници и интернет продавници, укинување на повредувачки домени или пак пријава на содржината на одредени интернет страници како и содржина на социјалните мрежи."



### 8. Неда Здравева - Правен факултет УКИМ

**Авторски права, медиуми и интернет**

„Уште една значајна тема која е предмет на дискусија на Форумите за управување со Интернет е авторското право и сродните права. Овде се опфатени процесите на создавање дела и нивна заштита, употребата на медиумите како „медиум" и Интернетот како „медиум". За нас од значење е да се согледаат потенцијалите за злоупотреба и повреда на (туѓи) права. Дали знаете што се штити и кои права произлегуваат од ова право? Кои се морални а кои материјални права?

Авторското право и сродните права уживаат кривична, граѓанска и прекршочна заштита."



### 9. Горан Михајловски - СДК

**Медиуми и медиумска писменост**

„Лажни вести или вест која што е непрофесионално обработена во Македонија сме имале и пред нетрадиционалните медиуми. Трагедијата е во тоа што во повеќето онлајн медиуми не само што не се почитува професионалното новинарство, туку не се ни знае што е тоа. Како резултат на тоа интернет новинарството во Македонија го карактеризираат немање пари, крадење туѓи содржини и површност. Не секогаш новинарите се виновни за тоа."